424113	Ленти, касети и друго за АОП		38.440,50		40.000,00		4.000,00				4.000,00
424114	Други административни материјали										0,00
424115	Копирање, печатење и издавање										0,00
4247	**Други материјали**	0,00	542.969,00	0,00	69.000,00	0,00	30.000,00	0,00	0,00	0,00	30.000,00
424711	Средства за одржување на хигиена		630,00		2.000,00						0,00
424712	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка										0,00
424713	Други материјали		542.339,00		67.000,00		30.000,00				30.000,00
425	**Тековно одржување**	0,00	34.012.062,50	0,00	27.666.262,00	0,00	29.830.000,00	0,00	0,00	0,00	29.830.000,00
4251	**Поправка и одржување на возила**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
425111	Поправка и сервисирање на леки коли										0,00
425116	Поправки на други возила										0,00
4252	**Услуги за одржување на објекти**	0,00	139.301,50	0,00	750.832,00	0,00	700.000,00	0,00	0,00	0,00	700.000,00
425211	Услуги за чистење										0,00
425212	Услуги за одржување на зелени површини										0,00
425213	Услуги за обезбедување на објекти										0,00
425214	Поправка на мебел										0,00
425215	Сервисирање на опрема										0,00

	425216	Одржување на градежни објекти										0,00
	425217	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација										0,00
	425218	Други услуги за одржување-договор за дело и др.		139.301,50		750.832,00		700.000,00				700.000,00
	425219	Одржување на софтверска и хардверска опрема										0,00
4253		**Услуги за поправка и одржување на инфрастр.објекти (автопати и патишта, мостови)**	0,00	33.872.761,00	0,00	26.915.430,00	0,00	29.130.000,00	0,00	0,00	0,00	29.130.000,00
	425311	Автопати и патишта-улици,патишта и одр. на градско зеленило		16.147.701,00		14.010.000,00		13.480.000,00				13.480.000,00
	425312	Мостови										0,00
	425314	Друга инфраструктура		17.725.060,00		11.255.430,00		13.850.000,00				13.850.000,00
	425315	Други услуги за поправка и одржување-ули;но осветлување				1.650.000,00		1.800.000,00				1.800.000,00
426		**Договорни услуги**	0,00	2.520.510,00	0,00	2.969.307,00	0,00	703.000,00	0,00	0,00	0,00	703.000,00
4263		**Земјоделски услуги услуги за заштита на животна средина**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	426317	Студии и проекти за заштита на животната средина										0,00
	426319	Услуги за испитување на кавалитетот на водите и аерозагаденоста										0,00
4264		**Правни услуги**	0,00	172.660,00	0,00	62.700,00	0,00	38.000,00	0,00	0,00	0,00	38.000,00
	426412	Адвокатски услуги		172.660,00		62.700,00		38.000,00				38.000,00
	426413	Судски вештачења										0,00
	426414	Други правни услуги										0,00
4265		**Образовни услуги**	0,00	1.700,00	0,00	6.000,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	426511	Семинари и конференции		1.700,00		6.000,00						0,00
	426512	Студиски патувања										0,00
	426513	Обука и преквалификација на вработени										0,00
	426514	Други образовни услуги										0,00
4266		**Финансиски услуги и осигурување**	0,00	37.575,50	0,00	40.000,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	426611	Провизија за платен промет										0,00
	426612	Банкарска провизија		37.575,50		40.000,00						0,00
	426613	Осигурување на вработени (несреќи, живот)										0,00
	426614	Осигурување на недвижности и права										0,00
	426615	Осигурување на моторни возила										0,00
4267		**Стручни услуги**	0,00	2.308.574,50	0,00	2.860.607,00	0,00	665.000,00	0,00	0,00	0,00	665.000,00
	426712	Независни консултанти и експерти										0,00
	426713	Изработка на просторни и урбанистички планови		2.308.574,50		2.754.332,00		665.000,00				665.000,00
	426718	Други договорни услуги				106.275,00						0,00
427		**Други оперативни расходи**	0,00	435.065,50	0,00	2.974.485,00	0,00	2.431.000,00	0,00	0,00	0,00	2.431.000,00
4271		**Други оперативни расходи**	0,00	435.065,50	0,00	2.974.485,00	0,00	2.431.000,00	0,00	0,00	0,00	2.431.000,00
	427115	Плаќање по судски решенија		294.184,50		1.474.485,00						0,00
	427117	Репрезентација		972,00								0,00
	427119	Пренесени обврски од претходни години				1.500.000,00		2.431.000,00				2.431.000,00
	427122	Други оперативни расходи		139.909,00								0,00
428		**Резерви**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00

4281		**Резерви**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	428111	Постојана резерва (непредвидливи расходи)										0,00
	428112	Тековна резерва (разновидни расходи)										0,00
44		**ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ И СУБВЕНЦИИ**	0,00	0,00	0,00	798.966,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
441		**Трансфери до други нивоа на власт**	0,00	0,00	0,00	798.966,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4411		**Трансфери до единиците на локална самоуправа и месни заедници**	0,00	0,00	0,00	798.966,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	441111	Трансфери до ЕЛС и месни заедници				798.966,00						0,00
4438		**Трансфери по основ на субвенции**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	443811	Јавни комунални претпријатија										0,00
45		**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
451		**Камати по домашен долг**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4511		**Каматни плаќања до други нивоа на државна власт**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	451111	Камати на краткорочни позајмици од централниот буџет										0,00
	451114	Камати по домашни кредити										0,00
		КАПИТАЛНИ РАСХОДИ										
46		**КУПУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА**	0,00	20.135.635,00	0,00	28.843.983,50	0,00	23.490.000,00	0,00	0,00	0,00	23.490.000,00
461		**Купување на земјиште и нематеријални средства**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4611		**Купување на земјиште**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	461112	Надомест за одземен имот										0,00
4612		**Купување на нематеријални средства**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	461211	Патенти, лиценци, права на експлоатација и авторски права										0,00
463		**Купување на мебел и канцеларска опрема**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4631		**Купување на мебел**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	463111	Купување на канцеларски мебел										0,00
	463114	Купување на друг мебел										0,00
4632		**Купување на опрема**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	463211	Купување на канцеларска опрема										0,00
	463212	Купување на информатичка опрема										0,00
	463213	Купување на клима уреди										0,00
	463218	Купување на друга опрема										0,00
464		**Купување на моторни возила**	0,00	1.311.975,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4641		**Купување на моторни возила**	0,00	1.311.975,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	464111	Купување на моторни возила										0,00
	464114	Купување на спец.возила-камион и багер		1.311.975,00								0,00
465		**Физибилити студии, подготовка на проекти и дизајн**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4651		**Физибилити студии**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	465111	Физибилити студии										0,00
4652		**Изработка на проекти**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	465211	Изработка на проекти										0,00
466		**Машинска опрема**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4661		**Машинска опрема**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
	466113	Опрема за електрификација на села										0,00
	466117	Градежна механизација										0,00

466118	Друга машинска опрема										0,00
467	**Изградба, реновирање и унапредување**	0,00	18.823.660,00	0,00	28.843.983,50	0,00	23.490.000,00	0,00	0,00	0,00	23.490.000,00
4671	**Изградба на објекти**	0,00	18.823.660,00	0,00	28.843.983,50	0,00	23.490.000,00	0,00	0,00	0,00	23.490.000,00
467112	Изградба на деловни објекти										0,00
467117	Изградба на патишта,улици и тротоари		11.620.293,00		5.100.000,00		8.260.000,00				8.260.000,00
467118	Изградба на мостови				6.743.983,50						0,00
467120	Изградба на споменици						900.000,00				900.000,00
467121	Изградба на други објекти		7.203.367,00		17.000.000,00		14.330.000,00				14.330.000,00
467122	Плаќање по основ на Данок на додадена вредност за капитални расходи од донации										0,00
4672	**Унапредување**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
467212	Пошумување										0,00
467213	Изградба на пречистителни станици и колектори										0,00
467214	Изградба на депонии за отпад										0,00
467215	Друго унапредување										0,00
468	**Основно и специјално одржување**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4681	**Реконструкција и реновирање**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
468111	Реконструкција на градежни објекти										0,00
468112	Реконструкција на опрема										0,00
468113	Реконструкција на патишта и патни објекти										0,00
468114	Реконструкција на улици										0,00
468115	Други реконструкции и реновирања										0,00
47	**КАПИТАЛНИ ТРАНСФЕРИ**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
472	**Капитални трансфери до други нивоа на власт**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4721	Капитални трансфери до други нивоа на власт	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
472111	Трансфери до недоволно развиените ЕЛС за поттикнување на развојот на неразвиени подрачја										0,00
472112	Трансфери до ЕЛС за водоснабдување										0,00
472113	Трансфери до ЕЛС за заштита на животната средина										0,00
472114	Други трансфери до ЕЛС										0,00
	З А Е М И										0,00
48	**Заеми и учество во капитал**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
481	**Домашни заеми и учество во капитал**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4812	**Заеми и учество во капиталот на нефинансиски јавни претпријатија**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
481213	Учество во јавни комунални претпријатија										0,00
4813	**Заеми до финансиски институции**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
481314	Позајмици од буџетот										0,00
49	**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
491	**Отплата на главница по домашен долг**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
4911	**Отплата на главница по домашен долгорочен долг**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
491112	Отплата на главница по долгорочни кредити										0,00
4912	**Отплата на главница по домашен краткорочен долг**	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00
491212	Отплата на главница по краткорочни кредити										0,00

Член 4

Буџетот на Општина Велес за 2004 година стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Велес,а ќе се применува од 01.01.2004 година.

Број 0701-2646/7
25.12.2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Стеванка Богоевска

131.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година

Се прогласува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25 декември 2003 година.

Број 0801-2659/3
29 декември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 2 од Статутот на општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03) а во согласност со член 14, член 15, став 2 и член 21 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ"бр.79/93; 3/94; 71/96; 46/00; 11/01; 93/01; 46/02 и 24/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

О Д Л У К А
за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година

Член 1

Буџетот на Општина Велес за 2004 година (во понатамошниот текст Буџет), ќе се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Корисниците на средствата на Буџетот, се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 3

Износите на приходите наведени во Буџетот за 2004 година не се фиксно определени.

Промените во Буџетот треба да бидат во рамките на вкупниот износ на утврдените приходи.

Доколку во текот на годината планираните приходи, освен изворните приходи се остварат во поголем износ од планираниот истите ќе се прераспределат и ќе се користат во согласност со донесените измени и дополнувања на Буџетот за 2004 година донесени од страна на Советот на Општина Велес.

Член 4

Износите на расходите утврдени со Буџетот се лимитирани износи над кои не можат да се преземаат обврски.

Со пропис или со друг акт не може да се создаваат обврски на товар на Буџетот за 2004 година, ако за истите не се обезбедени финансиски средства, од нов извор на приходи или се намалат другите трошоци во сразмерен износ.

Член 5

Прераспределбата на планираните трошоци во текот на фискалната година ја врши Советот на Општина Велес, во рамките на вкупно утврдениот лимит на приходите во Буџетот.

Утврдените износи наведени во Буџетот на корисникот, можат да бидат прераспределени помеѓу трошковни категории, подкатегории, ставки и подставки, со исклучок на трошковните ставки меѓу платите и другите трошоци.

Прераспределбата на трошковните ставки до износот од 200.000,оо денари по трошковна ставка се врши со решение на градоначалникот, а над тој износ со Одлука за измена и дополнување на Буџетот, донесена од страна на Советот на Општина Велес.

Член 6

Надоместокот за превоз до и од работното место се исплатува само на вработените чие место на живеење е оддалечено над 2 км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари, односно во рамките на градскиот јавен превоз.

Член 7

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ, надоместокот за храна и превоз не се исплатува.

Член 8

Средствата за стоки и услуги потребни за вршење на редовните функции на корисниците на буџетот се набавуваат со фактури во кои посебно се искажани трошоците по поодделни подставки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се обавува и со сметкопотврди, но само во ограничени поединечни износи во противвредност до 100 евра, но и во овој случај присутна е обврската на трошоците да бидат искажани по класификација на трошоците.

Член 9

Општината Велес за недостигот на финансиски средства единствено може да се задолжи со земање на заем од Буџетот на Републиката, за покривање на времениот недостаток на средствата предвидени поради нерамномерен прилив во Буџетот.

Член 10

За средствата распоредени во програмите и тоа:

- Програма администрација;
- Програма комунални работи, уредување на градежно земјиште, патишта, улици и улично осветлување,

одлучува градоначалникот на Општина Велес, во рамките на утврдените износи во Буџетот, додека за трошењето на средствата во Програмата администрација за подставката 442113 - Трансфери до здруженија на граѓани, одлучува Советот на Општина Велес.

Член 11

Буџетот се извршува од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

Член 12

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01 јануари 2004 година.

Број 0701-2646/4
25.12.2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

132.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за приоритет на проекти од Инфраструктурата од Проектот CARDS 2003-2004 година

Се прогласува Одлуката за приоритет на проекти од Инфраструктурата од Проектот CARDS 2003-2004 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25 декември 2003 година.

Број 0801-2659/4
29 декември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување приоритет на проекти од инфраструктура во рамките на Програмата за развој на локалната инфраструктура CARDS 2003-2004

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изградба на:

-Регионален колекторски систем за фекална канализација со пречистителна станица за населените места: Кумарино, Сујаклари, Отовица и сателтската населба на езеро "Младост";

-Регионален пат Горобинци - Иванковци;

-Регионален пат Бањица - Клуковец - Горно Оризари.

Член 2

Општина Велес самостојно ќе аплицира во рамките на Програмата за развој на локалната инфраструктура CARDS 2003-2004 со проектот изградба на "Регионален колектор за фекална канализација со пречистителна станица за населените места: Кумарино, Сујаклари, Отовица и сателтската населба на езеро Младост".

Член 3

Општина Велес е партнер општина со Општина Свети Николе со проектот за изградба на Регионален пат Горобинци - Иванковци и со Општина Чашка со проектот за изградба на Регионален пат Бањица - Клуковец - Горно Оризари при аплицирањето во рамките на Програмата за развој на локалната инфраструктура CARDS 2003-2004

Член 4

Се задолжува градоначалникот на Општина Велес да формира проектен тим кој ќе ја спроведе постапката за аплицирање во рамките на Програмата CARDS 2003-2004 со проектот Регионален колекторски систем за фекална канализација со пречистителна станица за населените места: Кумарино, Сујаклари, Отовица и сателтската населба на езеро Младост.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2646/5
25.12.2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

133.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25 декември 2003 година.

Број 0801-2659/6
29 декември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2004 година

1.Се усвојува Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2646/7
25.12.2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за работа на Советот на Општина Велес за 2004 година

1. Завршна сметка на Општината Велес за 2003 година.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности, правни работи, финанси и буџет
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **I**-во тримесечие

2. Одлука за востановување на награда "Андреја Дамјанов".
Изготвувач: О д д е л е н и е з а општествени дејности, правни работи, финанси и буџет
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **I**-во тримесечие

3. Одлука за уврдување локација за сточен пазар.
Изготвувач: О д д е л е н и е з а комунални работи,урбанизам с о о б р а ќ а ј и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **I**-во тримесечие

4. Завршна сметка на ЈКП "Дервен" за 2003 година
Изготвувач: ЈКП "Дервен"
Предлагач: ЈКП "Дервен"
Р о к: **I**-во тримесечие

5. Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година.
Изготвувач: О д д е л е н и е з а комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **I**-во тримесечие

6. Извештај за работа на Центарот за социјална работа за 2003 година.
Изготвувач: Центар за социјална работа
Предлагач: Центар за социјална работа
Рок: **I**-во тримесечие

7. Програма за работа на Центарот за социјална работа за 2004 година.
Изготвувач: Центар за социјална работа
Предлагач: Центар за социјална работа
Рок: **I**-во тримесечие

8. Информација за загадувањето на животната средина во Велес.
Изготвувач: Одделение за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Рок: **I**-во тримесечие

9. Извештај за работата на ЈКП "Дервен" за 2003 година.
Изготвувач: ЈКП "Дервен"
Предлагач: ЈКП "Дервен"
Рок: **I**-во тримесечие

10. Извештај за реализација на Проектот МЕАП
Изготвувач: ЈКП "Дервен"
Предлагач: ЈКП "Дервен"
Рок: **I**-во тримесечие

11. Програма за спроведување на Проектот МЕАП за 2004 година
Изготвувач: ЈКП "Дервен"
Предлагач: ЈКП "Дервен"
Рок: **I**-во тримесечие

12. Извештај за работата на Установата Интернационален фолклорен фестивал "Велес" - Велес за 2003 година.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Рок: **I**-во тримесечие

13. Програма за работата на Установата Интернационален фолклорен фестивал "Велес" - Велес за 2004 година.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Рок: **I**-во тримесечие

14. Извештај за работата на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" - Велес за 2003 година.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Рок: **I**-во тримесечие

15. Програма за работата на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" - Велес за 2004 година.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Рок: **I**-во тримесечие

16. Извештај за работата на Фондацијата" Коле Неделковски"Велес за 2003 г .
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Рок: **I**-во тримесечие

17. Програма за работата на Фондацијата "Коле Неделковски"Велес за 2004 г.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Рок: **I**-во тримесечие

18. Извештај за работата на Установата "Рацинови средби,, Велес за 2003 г.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Рок: **I**-во тримесечие

19. Програма за работата на Установата IРацинови средбивВелес за 2004 г.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Рок: **I**-во тримесечие

20. Информација за работата на комуналниот инспектор за 2003 година.
Изготвувач: Комунален инспектор
Предлагач: Градоначалник
Рок: **I**-во тримесечие

21. Информација за изградбата на ХС "Лисиче".
Изготвувач: ЈПВ "Лисиче"
Предлагач: ЈПВ "Лисиче"
Рок: **II**-ро тримесечие

22. Програма за развој на занаетчиството,туризмот и угостителството во Општина Велес

Изготвувач: Здружение на занаетчии
Предлагач: Здружение на занаетчии
Р о к: **II**-ро тримесечие

23. Информација за состојбите со вработувањето и невработеноста во Општина Велес за 2003 година
Изготвувач: З В Р М - Б и р о з а вработување Велес
Предлагач: З В Р М - Б и р о з а вработување Велес
Р о к: **II**-ро тримесечие

24. Информација за состојбата и уреденоста на крајбрежните речни и езерски појаси.
Изготвувач: Одделение за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник;
Р о к: **II**-ро тримесечие

25. Извештај за спроведувањето на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година за периодот јануари-јуни 2004г.
Изготвувач: О д д е л е н и е з а комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **III**-то тримесечие

26. Извештај за работата на ЈКП"Дервен"за периодот јануари-јуни 2004 г.
Изготвувач: ЈКП "Дервен"
Предлагач: ЈКП "Дервен"
Р о к: **III**-то тримесечие

27. Информација за работата на комуналниот инспектор за периодот јануари-јуни 2004 година
Изготвувач: Комунален инспектор
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **III**-то тримесечие

28. Информација за користење на паркинг просторот во градот
Изготвувач: Одделение за комунални работи, урбанизам,сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **III**-то тримесечие

29. Програма за зимско одржување на улици и патишта
Изготвувач:Одделение за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **III**-то тримесечие

30. Информација за работата на Центарот за информирање на граѓаните - Велес.
Изготвувач:Центарот за информирање на граѓаните
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **III**-то тримесечие

31. Информација за реализација на Буџетот на Општина Велес за 2004 г.
Изготвувач: О д д е л е н и е з а општествени дејности, правни работи, финансии и буџет
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **III**-то тримесечие

32.Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Велес за 2004 година.
Изготвувач: О д д е л е н и е з а општествени дејности, правни работи, финансии и буџет
Предлагач: Комисија за изработка на Програма за работа на Советот
Р о к: **III**-то тримесечие

33. Програма за работа на Советот на општина Велес за 2005 година.
Изготвувач: О д д е л е н и е з а општествени дејности, правни работи, финансии и буџет
Предлагач: Комисија за изработка на Програма за работа на Советот
Р о к: **IV**-то тримесечие

34. Извештај за работата на Установата Интернационален фолклорен фестивал"Велес" - Велес за 2004 година.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Р о к: **IV**-то тримесечие

35. Програма за работата на Установата Интернационален фолклорен фестивал"Велес" - Велес за 2005 година.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Р о к: **IV**-то тримесечие

36. Извештај за работата на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" - Велес за 2004 година.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Р о к: **IV**-то тримесечие

37. Програма за работата на Установата Фестивал на античка драма "Стоби" - Велес за 2005 година.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Р о к: **IV-**то тримесечие

38. Извештај за работата на Фондацијата "Коле Неделковски" Велес за 2004 г.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Р о к: **IV**-то тримесечие

39. Програма за работата на Фондацијата"Коле Неделковски" Велес за 2005 г.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Р о к: **IV**-то тримесечие

40. Извештај за работата на Установата "Рацинови средби: - Велес за 2004 г.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Р о к: **IV**-то тримесечие

41. Програма за работата на Установата "Рацинови средби: - Велес за 2005 г.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Р о к: **IV**-то тримесечие

42. Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2005 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности , правни работи, финансии и буџет
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **IV**-то тримесечие

43. Програма за работа на Советот на Општина Велес од областа на културата за 2005 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности, правни работи, финансии и буџет
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **IV**-то тримесечие

44. Програма за работа на Советот на Општина Велес од областа на спортот за 2005 година.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности, правни работи, финансии и буџет
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **IV**-то тримесечие

45. Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **IV**-то тримесечие

46. План за работа на ЈКП "Дервен" за 2005 година.
Изготвувач: ЈКП "Дервен"
Предлагач: ЈКП "Дервен"
Р о к: **IV**-то тримесечие

47. Одлука за измена и дополнување наБуџет на општината Велес за 2004 г.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности, правни работи, финансии и буџет
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **IV**-то тримесечие

48. Буџет на општината Велес за 2005 година.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности, правни работи, финансии и буџет
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **IV**-то тримесечие

49. Одлука за извршување на Буџетот на општината Велес за 2005 година.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности, правни работи, финансии и буџет
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **IV**-то тримесечие

50. Одлука за доделување на признанија на Општина Велес
Изготвувач: Одбор за општествени дејности и одбележување на културно-историски настани
Предлагач: Одбор за општествени дејности и одбележување на културно-историски настани
Р о к: **IV**-то тримесечие

51. Програма за изработка на ДУП за подрачјето на општина Велес за 2005 г.
Изготвувач: Одделение за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Р о к: **IV**-то тримесечие

52. Програма за чистење на јавно-прометните површини и градското зеленило за 2005 година.
Изготвувач: ЈКП "Дервен"
Предлагач: ЈКП "Дервен"
Р о к: **IV**-то тримесечие

53. Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2005 г.
Изготвувач: ЈКП "Дервен"

Предлагач: ЈКП "Дервен"
Р о к: **IV**-то тримесечие

54. Извештај за работа на ЈКП "Дервен" за 2004 година.
Изготвувач: ЈКП "Дервен"
Предлагач: ЈКП "Дервен"
Р о к: **IV**-то тримесечие

55. Програма за работа на ЈКП "Дервен" за 2005 година.
Изготвувач: ЈКП "Дервен"
Предлагач: ЈКП "Дервен"
Р о к: **IV**-то тримесечие

56. Информација за работењето на месните заедници во Општина Велес.
Изготвувач: О д д е л е н и е з а општествени дејности, правни работи, финансии и буџет
Предлагач: Одбор за Месна самоуправа
Р о к: **IV**-то тримесечие

Број 0701-2646/7
25.12.2003 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Стеванка Богоевска с.р

134.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25 декември 2003 година.

Број 0801-2659/8
29 декември 2003 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес ,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за култура-пречистен текст ("Сл.весник на РМ" бр.66/03) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2004 година

1.Се усвојува Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2004 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2646/9
25.12.2003 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

Врз основа на член 22, став1, точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст (“Сл.весник на РМ” 66/03) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2004 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;

- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Велес;

- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Велес;

Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и ќе се насочуваат кон:

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Велес;
- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Републиката во Општина Велес;
- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општината Велес;
- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2004 година.

При реализација на Програмата,Советот на Општина Велес ќе ги поддржи организаторите На манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од :

- Трговски друштва, јавни претпријатија,фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени со оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општината.

Средствата утврдени во табеларниот преглед се предвидени во посебни ставки во Буџетот на Општина Велес за 2004 година.

Дополнителни манифестации, проекти и приредби ќе предлага Одборот за општествени дејности и обележување на културно историски настани при Советот на Општина Велес .

Реден број	Назив на манифестациите и приредбите	Предвидени средства (во денари)
1.	41 Рацинови средби	150.000
2.	III Интернационален фестивал на Античка драма "Стоби"	400.000
3.	Меѓународен фолклорен фестивал "Велес"	400.000
4.	VIII "Ликовна колонија "Еко арт"	20.000
5..	Ликовна изложба Гимназија "Кочо Рацин"	10.000
6.	VIII Ликовна рабтилница "3-ти Декември" во ПОУ "Маца Овчарова"	10.000
7.	Обележување на 60 годишнината од Првото заседание на АСНОМ во с. Горно Врановци	15.000
	- пренесување на посмртните останки на Панко Брашнар;	350.000
	свечена академија	50.000
8.	Детски Рацинови средби	20.000
9.	Обележување на значајни настани и личности	60.000
10.	Обележување на Нова Година	100.000
11.	Печатење на промотивен материјал	250.000
12.	Градска манифестација: Промовирање на светец заштитник на Велес	200.000
13.	Јубилеи на реномирани автори	100.000
14.	Биенале – Графика мал формат	30.000
15.	Негување на културни традиции на Бошњаците во Општина Велес-Фестивал на народна музика	50.000
	ВКУПНО:	**2.215.000**

V. МАНИФЕСТАЦИИ И ПРИРЕДБИ ПОДДРЖУВАНИ И ПОМАГАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ВЕЛЕС

За 9-ти Ноември, Денот на ослободувањето на Велес се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на Советот на Општина Велес и оддавање почит на значајни личности,настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

На свечената седница се доделуваат посебни признанија :

- Награда за животно дело „Гемиции“;
- 9-то Ноевриски награди;
- 9-то Ноемвриски признанија;
- Прогласување на почесен граѓанин на Општина Велес.

Горе наведените признанија се доделуваат од Советот на Општина Велес по утврдени критериуми, а се финансираат од посебна ставка на Буџетот на Општината.

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активнисти со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

- Почесно покровителство на градот Велес;
- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадрите и опремата со која располага општината;
- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации;
- Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување на манифестации и реализирање на проекти од областа на културата.

Овие форми на активности ќе се реализираат од страна на надлежните органи на Општина Велес, по барање на организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите, а врз основа на образложен предлог на Одборот за општествени дејности и обележување на културно - историски настани, усогласен со можностите на Општината Велес.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Велес се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Одборот за општествени дејности и обележување на културно-историски настани го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0707-2646/9
25.12.2003година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

135.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25 декември 2003 година.

Број 0801-2659/9
29 декември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и член 16, став 1, точка 16 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година

1.Се усвојува Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2004 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2646/10
25.12.2003 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Велес („ Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

П Р О Г Р А М А
za активностите на Општина Велес
во областа на спортот во 2004 година

Со оваа Програма на Општината Велес и на Советот на Општината Велес се утврдуваат заедничките интереси, потреби и цели од областа на спортот, кои во 2004 год. ќе се реализираат преку некои од основните организации- даватели од услуги од областа на спортот.

I. Ц Е Л И

Основни цели на оваа Програма се:

1.Учество Општината во организирањето, одвивањето и збогатувањето на спортско рекреативниот живот во градот, во согласност со потребите, интересите и желбите на децата, младината и граѓаните.

2. Создавање на услови и можности за остварување и реализација на спортско рекреативните активности на граѓаните, како и создавање услови и можности за остварување на спортска активност за учениците од основните и средните училишта.

3.Афирмација на Општината Велес како развиен спортски центар во државата, со промовирање градот да биде организатор и домаќин на некоја поголема меѓународна спортска манифестација од одреден спорт, за која во нашиот град постојат услови.

ИИ А К Т И В Н О С Т И

За реализацијата и остварувањето на основната цел на оваа Програма, активностите во областа на спортот преку Општината и Советот на Општината ќе бидат насочени кон потикнување, поддржување, помагање и финансирање на Програмата.

Во контекс на ова преземените активности најмногу ќе бидат насочени кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации за кои

постои интерес кај граѓаните, спортистите и спортските организации, како и остварување на програма на спортски активности организирани по повод значајни датуми и јубилеи за нашиот град.

III. Ф И Н А Н С И Р А Њ Е

Финансирањето на активностите од областа на спортот, утврдени со оваа Програма во градот ќе бидат финансирани од средствата од Буџетот на Општината, од буџетите на соодветниот спортски сојуз во државата (особено за спортски манифестации од општ интерес за државата), од спонзорства и донации од трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица.

За активностите од областа на спортот кои не се опфатени сооваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес за градот ќе се појават во текот на 2004 година, на предлог и прифаќање од страна на Општината Велес и градоначалникот, ќе бидат ангажирани дополнителни средства.

Ред број	Име на манифестацијата	предвидени средства (во денари)
1.	Избор на најдобар спортист и спортска екипа	25.000
2.	IV Традиционален турнир во фудбал Тунел 2004	15.000
3.	Турнир во стрит бол СРЦ Трајко Андреев	15.000
4.	Атлетска трка Илинден	5.000
5.	Градски турнир во шах 9 ти Ноември	5.000
6.	Лига систем натпревари во основните и средните училишта во фудбал, ракомет и кошарка	40.000
7.	Вардарска регата Гемиции	15.000

ВКУПНО: 120.000 денари

V. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

Освен со финансиски средства Советот на Општината и градоначалникот, спортските манифестации ќе ги поддржуваат и помагаат со:

- почесно покровителство на градот,
- доделување награди, признанија и пригодни подароци,
- обезбедување стручна, техничка и друга помоши поддршка со постојниот стручен кадар и опрема на градот,
- учество на претставници на градот на протоколарни и промотивни средби организирани по повод одржувањето на спортските манифестации.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За обезбедувањето и спроведувањето на оваа Програма се грижи градоначалникот на Општина Велес.

Органи и тела од Советот на Општината и Општината Велес во соработка со спортските организации од градот, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација како и во покренување на иницијативи, давање мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности од оваа програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велесг.

Број 0701-2646/10
25.12.2003 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

136.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25 декември 2003 година.

Број 0801-2659/5
29 декември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" бр.33/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за уредување на градежно замјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

1.Се усвојува Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2646/6
25.12.2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Службен Весник на РМ" бр. 53/2001), а согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Сл. Весник на РМ" бр. 80/01; 85/01), член 17 став 2 од Законот за комунални такси ("Сл.Весник на РМ" бр.17/97) и член 23 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година донесе:

П Р О Г Р А М А
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2004 ГОДИНА

ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува:

I. Просторот кој е предмет на уредување,

I. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште,
II. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основнаната и секундарната инфраструктура,
III. Изворите за финансирањето на Програмата,
IV. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште,
V. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба,
VI. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата,
VII. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти,
VIII. Динамика на извршување на Програмата,
IX. Преодни и завршни одредби.

I.ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на просторот на Општина Велес, прогласен како градежен реон.

II.ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:
II-1. Подготвителни работи и
II-2. Расчистување на градежното земјиште.

II-1.ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:

-Оформување на геодетска документација.

-Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

II-2. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежно земјиште на градежната парцела се смета:

-Решавање на имотно правните односи.

-Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат.

-Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо.

III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

III-1 Основен степен на уреденост претставува опременост со :

-изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;

- изградба на електрична мрежа;
- изградба на водоводна мрежа и
- изградба на фекална канализација.

III-2 Дополнителна опременост на земјиштето:

- изградба на ПТТ мрежа;
- изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини (јавно зеленило, детски игралишта, спортски терени и др.) согласно урбанистичките планови;

-изградба на атмосферска канализација и

-изградба на јавно осветлување.

Секој вид од објектите од III-1 и III-2 претставува еден степен на уреденост на градежното земјиште, па доколку земјиштето е опремено со повеќе објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со повисок степен на опременост. И обратно ако земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со понизок степен на опременост.

III-3 Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела:

а)Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:

-основни градски сообраќајници (примарни и секундарни);

-непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;

-магистрални и примарни водови за довод на вода заедно со пратечки објекти;

-магистрални и примарни водови за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти

-градски плоштади и јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);

-изградба на јавно осветлување и

-изградба на јавно зеленило.

Овие елементи претставуваат претходни вложувања за опремувањето на градежното земјиште, а учествуваат со 20 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

б) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:

- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;

- изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;

- изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа, до и со приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;

- изградба на секундарни ТТ-мрежи до приклучен орман;

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште, до градежната парцела која е доделена на користење, согласно склучените договори со корисниците, ги плаќа Општина Велес, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Трошоците за уредување на градежното земјиште до градежната парцела согласно склучен договор со Општината може да ги плати и инвеститорот, правно или физишко лице.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на правни, технички услови и материјални средства.

III-4 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела:

- Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши корисникот на земјиштето (инвеститор).
- Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон,

друга инсталација и објекти, трафостаници или учеството во нив, корисникот на земји-штето го регулира согласно енергетската согласност издадена од ЈП "Електростопанство на РМ".
- Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради, корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган, кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие. Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.
- Трошоците за преместување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектите што ги сноси корисникот на земјиштето, со исклучок на трошоците за преместување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба и користење на објектите изградени без согласност на надлежниот општински орган.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така, корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на Општината, порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

I

IV. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

ПРИХОДИ

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2004 год, се финансира преку следните извори на средства:

П Р И Х О Д И		Износ во -,оо ден.	Структура %
1.	Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти	14.000.000,00	22,25
2.	Средства од надоместок за одржување на уредено градежно земјиште	10.000.000,00	15,89
3.	Средства од надоместок за користење на такси станици	400.000,00	0,64
4.	Средства од надоместок за користење на рекламни паноа	900.000,00	1,43
5.	Средства од побарувања од минати години	1.516.000,00	2,41
6.	Средства од Републиката: *средства од Фонд за магистрални и регионални патишта; *други средства од Републиката	 15.100.000,00 11.000.000,00	 24,00 17,48
7	Други приходи (тендери, фактури и др.)	500.000,00	0,79
8	Приходи од јавно осветлување на ОпШтина Велес	9.500.000,00	15,10
ВКУПНО 1- 8 :		**62.916.000,00**	**100,00**

Сите приходи се прикажани на ниво од 01.01.2004 год.

V ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

РАСХОДИ

Трошоците за реализација, според намената и по поедини видови елементи за уредувањето на Општината се :

РАСХОДИ		Износ во -,оо ден.	Структура %
I	**Изработка на техничка документација**	**665.000,00**	**1,06**
1.	Урбанистички проекти и ДУП-ови	150.000,00	22,56
2.	Идејни и главни проекти:		
	*Проекти за 2 моста во Превалец	165.000,00	24,81
	*Конкурс за Градски Саат (идеен проект)	100.000,00	15,04
3.	Проекти за инфраструктура *(улици , водоводи, канализациони мрежи, атмосверски канализации инадвозник на пругата Велес-Битола)	250.000,00	37,59
II	**Уредување на плоштади**	**1.900.000,00**	**3,02**
1.	Плоштад на спојот на ул. Андон Шурков со ул. Благој Ѓорев	1.000.000,00	52,63

2.	Плоштад на Рацин (Гимназија)	400.000,00	21,05
3.	Уредување на плоштадка на десен тротоар на ул. БлагојЃорев	500.000,00	26,32
III	**Изградба на улици**	**5.000.000,00**	**7,95**
1.	ул."Живко Фирфов" - долен строј(третиот крак)	500.000,00	10,00
2.	ул."Роса Плавева" дел - изградба	500.000,00	10,00
3.	Врска од нас.Керамидна до патот за с.Раштани (Н. гробишта)- изградба на патна сообраќајница	1.500.000,00	30,00
4.	Паркинг-просторот на ул."Марксова" - проширување	600.000,00	12,00
5.	ул."Ѓоре Органџиев" од бр.20 до мало мовче - бетонирање	800.000,00	16,00
6.	ул."Луј Пастер"	1.100.000,00	22,00
IV	**Одржување на улици**	**5.820.000,00**	**9,25**
1.	ул." Кирил и Методиј" - прередување на коцки	700.000,00	12,03
2.	ул."Никола Оровчанов" - прередување на коцки (поплочување)	500.000,00	8,59
3.	ул."Маршал Тито" од Стара Аптека до Стар Мост - асфалтирање	500.000,00	8,59
4.	Дел од обиколниот пат Велес - Башино Село - асфалтирање	1.000.000,00	17,18
5.	Дел од ул."Вардарска" - асфалтирање	500.000,00	8,59
6.	ул."Јордан Хаџи Констатинов-Џинот" - асфалтирање	500.000,00	8,59
7.	Дел од ул."Васил Ѓоргов" - асфалтирање	300.000,00	5,15
8.	ул."Никола Карев" - бетонирање	150.000,00	2,58
9.	ул."Димко Најдов" - бетонирање	200.000,00	3,44
10.	ул. "Јовче Чучук" - бетонирање	150.000,00	2,58
11.	ул."Сараевска".дел - бетонирање	150.000,00	2,58
12.	Крак на ул."Васил Главинов" - бетонирање	30.000,00	0,52
13.	Раскрсница пред Пошта - Изградба на триаголник	120.000,00	2,06
14.	ул."Ланинова" - бетонирање	150.000,00	2,58
15.	Улици во МЗ "Родна Ивева" - бетонирање	70.000,00	1,20
16.	Раскрсница на ул."А. Демниевски" - асфалтирање	700.000,00	12,03
17.	Бетонирање на пристапна патека до Диспанзерот -АТД	100.000,00	1,72
V	**Изградба на тротоари**	**1.560.000,00**	**2,48**
1.	ул."Индустриска" (Андон Шурков)	1.000.000,00	64,10
2.	ул."Димко Најдов" спроти автобуската постојка	450.000,00	28,85
3.	Изведба на паркинг пред Стоковната куќа	60.000,00	3,85
4.	Поплочување пред МЗ Богдан Каракостев	50.000,00	3,21
VI	**Одржување на тротоари**	**160.000,00**	**0,25**
1.	Скали (од улица "Маршал Тито" до улица "Владимир Назор")- поплочување	100.000,00	62,50
2.	Скали на ул."Јовче Ќучук" - бетонирање	60.000,00	37,50

VIII	**Изградба на спортски терени, паркови и детски игралишта**	**630.000,00**	**1,00**
1.	Градски парк - помошно игралиште	180.000,00	28,57
2.	Парк Железен мост - уредување	300.000,00	47,62
3.	Игралиште за кошарка кај Болница	150.000,00	23,81
IX	**Одржување на спортски терени, паркови и детски игралишта**	**550.000,00**	**0,87**
1.	Парк над покриен канал (на ул. Моша Пијаде И Крсте Мисирков бр. 8) - уредување	50.000,00	9,09
2.	ул."Енгелсова" бр. 2 - партерно уредување	100.000,00	18,18
3.	Јаворите - партерно уредување околу нив	250.000,00	45,45
4.	Урбана опрема - одржување	150.000,00	27,27
X	**Изградба на фекална и атмосферска канализација**	**200.000,00**	**0,32**
1.	Киро Кучук - "Дени Комерц"	100.000,00	50,00
2.	ул."Васа Кошулчева"	100.000,00	50,00
XI	**Разни зафати (изградба и одржување)**	**5.630.000,00**	**8,95**
1.	Крајбрежниот појас на езеро Младост - спортски терени	800.000,00	14,21
2.	Гробишта (Капела)	1.500.000,00	26,64
3.	Мини зелен пазар "Тунел"	500.000,00	8,88
4.	Фонтани во градот	150.000,00	2,66
5.	Метална ограда и ракохвати - изработка и поставување	150.000,00	2,66
6.	Урбана опрема - набавка	250.000,00	4,44
7.	Уредување на Месни заедници - Славе Петков	150.000,00	2,66
8.	Уредување на депонија за земја, шут и друг отпаден градежен материјал (нова одлука)	100.000,00	1,78
9.	Поставување на тотем	70.000,00	1,24
10.	Експропријација	200.000,00	3,55
11.	Поставување на локомотива на ротондата пред Железничката станица	50.000,00	0,89
12.	Реконструкција на јавни градски тоалети	300.000,00	5,33
13.	Пошумување	100.000,00	1,78
14.	Фарбање на :		
	Бетонски столбчиња на ул."Димко Најдов"	200.000,00	3,55
	Парапетни ѕидчиња на ул."Благој Ѓорев"	50.000,00	0,89
15.	Спомен плоча со имиња на Велес	100.000,00	1,78
16.	Паркинг-простор пред црквата "Св. Спас"	60.000,00	1,07
17.	Изградба на споменик на Панко Брашнар	900.000,00	15,99
XII	**Редовно одржување на комунални објекти**	**20.831.000,00**	**33,11**
1.	Редовно одржување на комунални објекти и непредвидени работи	1.500.000,00	7,20
2.	Чистење на јавно-прометни површини и одржување на градско зеленило	7.200.000,00	34,56
3.	Хоризонтална и вертикална сигнализација	1.000.000,00	4,80
4.	Отстранување на животни - скитници	100.000,00	0,48
5.	Плаќање на извршени работи од претходни години	9.431.000,00	45,27
6.	Останати трошоци (банк. провизии, судски трошоци , договор на дело за : градскиот часовник, возач , машинист , услуги и др.)	900.000,00	4,32
7.	Набавка на материјали за хортикултурно уредување	50.000,00	0,24

XIII	**Учество во изградба на комунални објекти во други населени места во општина Велес**	**2.150.000,00**	**3,42**
XIV	**Изградба на локални патишта**	**1.700.000,00**	**2,70**
1.	Асвалтирање на дел од патот за с. Црквино	1.500.000,00	88,24
2.	Пробивање на пат за с. С´лп	200.000,00	11,76
XV	**Одржување на локални патишта**	**400.000,00**	**0,64**
1.	Зимско одржување на локални патишта	300.000,00	75,00
2.	Редовно инвестиционо одржување на локални патишта	100.000,00	25,00
XVI	**Јавно осветлување**	**9.500.000,00**	**15,10**
1.	Потрошена електрична енергија	5.800.000,00	61,05
2.	Одржување на јавното осветлување	300.000,00	3,16
3.	Набавка на репро материјали	1.500.000,00	15,79
4.	**Реконструкција и проширување на јавното осветлување**	**1.900.000,00**	**20,00**
	*Осветлување на крак на ул. Живко Фирфов	140.000,00	7,37
	*Осветлување на ул. Славко Ѓорѓиевски Светот	60.000,00	3,16
	*Осветлување на железен мост (амбиентално)	250.000,00	13,16
	*Осветлување на повеќе краци од ул. Игманска	85.000,00	4,47
	*Осветлување на ул. Никола Карев до пресекот со ул. 11 Октомври	45.000,00	2,37
	*Поставување на арматури - вандарми на улици на кои треба интервентно да се извлече 5-та жица за јавно осветлување	170.000,00	8,95
	*ул."Благој Ѓорев" од бр.94 и 96	30.000,00	1,58
	*Осветлување на Кејот	100.000,00	5,26
	*Венуле	20.000,00	1,05
	*ул."Андон Шурков"	100.000,00	5,26
	*Осветлување на дел во Отовица	150.000,00	7,89
	*Комплекс Узус - малостопанственици	200.000,00	10,53
	*с.Кумарино	80.000,00	4,21
	*Дозавршување на осветлувањето во нас.Дурутовец	90.000,00	4,74
	*Спомен Костурница - осветлување	100.000,00	5,26
	*Новогодишно осветлување	280.000,00	14,74
	ВКУПНО : I - XVI	**62.916.000,00**	**100,00**

По потреба во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција.

ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

За одредување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како база за утврдување на трошоците за уредувањето е земен комплексот со индивидуални и колективни станбени згради Тунел-2 во Велес.

Ова е сторено од причина што до сега единствено за овој комплекс сме имале комплетна, детална урбанистичка документација, со проекти за сите инфраструктури, геолошки подлоги, геомеханички испитувања со што би можеле да дојдеме до приближно стварните цени за чинење на уредување на градежното земјиште по м2 нето корисна површина.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето корисна површина, утврдена врз основа на реалните трошоци изнесува:

60.945.000,оо ден. : 35.850 м2 = **1.700,оо ден./м2**

Во оваа цена не се предвидени трошоците за уредување на земјиштето околу објектите (партерно уредување) кое со самофинансирање ќе го уредуваат самите граѓани.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба е дадена во следниов преглед:

	I. Градежен реон на градот	
1.	***Станбени објекти*** (индивидуални и колективни)	***1.700***,оо ден./м2
	- станбени простории	Коефициент 1.0
	- станб. простории со Н до 2,5 м1 (поткровје)	Коефициент 0.1
	- логија, балкони	Коефициент 0.2
	- помошни простории, остава за гориво, котлара, трафостаница во објект, визба	Коефициент 0.3
	- гаражи	Коефициент 0.1
2.	***Административно - деловни објекти***	***2.200***,оо ден./м2
	- простории	Коефициент 1.0
	- магацини, простории во визба	Коефициент 0.4
	- гаражи	Коефициент 0.1
3.	***Производен, магацински и деловен простор*** во индустриска зона	***1.300***,оо ден./м2
	- простории	Коефициент 1.0
	- магацини, простории во визба	Коефициент 0.4
	- гаражи	Коефициент 0.1
4.	***Објекти од јавен карактер***	***2.000***,оо ден./м2
	- простории	Коефициент 1.0
	- магацини, простории во визба	Коефициент 0.4
	- гаражи	Коефициент 0.1
5.	***Други објекти:***	
	- катна гаража	Коефициент 0.2
	- спортски покриени објекти	Коефициент 0.5
	- отворени пазаришта	20% од површината
	II. Останати урбани единици	
1.	Урбани единици во кои е извршено делумно уредување на градежно земјиште:	
	- населба Керамидна:	
	постоечки објекти . . . . . нови	0.46
	објекти	0,86
	- населба Речани	0.255

Во останатите урбани единици и населени места во кои има донесено урбанистичка документација висината на основицата на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 1.100,оо денари, според видот и процентуалниот соодност на објектот (согласно Правилникот), а со примена на следниве коефициенти:

	III. Останати урбани единици и населени места	
1.	Урбани единици за кои има донесено урбан. документација:	
	- Отовица	0.20
	- Башино село.	0.40
	- Г. Оризари	0.25
	- Иванковци	0.20
	- Каласлари	0.25
	- Превалец	0.25
2.	Населени места опфатени со општ акт за населени места	Не се плаќа надоместок

Во урбаните единици за кои што нема донесено детални урбанистички планови а издавањето на услови за градба се врши врз основа на урбанистички проект, при пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се наплатува 20% за основна инфраструктура и ќе се применува табелата за дополнително опремување на градежното земјиште.

При пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште учеството на поедините елементи на дополнителното опремување на градежното земјиште, кои учествуваат со 80% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, е следното:

1.	Изработка на детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места	5,5о %
2	Изградба на улици - експропријација . . . . . . - пробивање . . . . . . - изградба на горен и долен строј	 6,5о % 4,5о % 22,оо %
3	Изградба на фекална канализација	7,5о %
4	Изградба на атмосферска канализација	5,оо %
5	Изградба на водоводна мрежа	7,оо %
6	Поставување на ниско-напонска мрежа	5,оо %
7	Поставување на трафостаница	13,оо %
8	Останати трошоци (тех. документација, надзор и сл.)	4,оо %

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 80 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Општината Велес при наплатувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе ги рефундира вложените средства на лицата кои во изминатиот период финансирале во изработката на деталните урбанистички планови , само во случај кога е во прашање општ јавен интерес и ако тоа било предвидено со тогашната програма.

При реконструкција со која не се добива нова станбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на следниот начин:

-За расчистувањето на градежни парцели за објекти од комунална инфраструктура за индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка, проектирањето и изградбата објекти од комунална инфраструктура и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште на ниво на Општина Велес, врз Основица изразена во денари/м^2 нето изградена површина, и согласно член 6 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл. Весник на РМ бр. 80/01; 85/01).

-За секој вид на простор неопфатен од одредбата на член 6 став 1 надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со оваа Програма.

-Просториите во поткровниот простор кај коси покриви на објектот и со надоsид на фасадните sидови до 1,50 м сметано од подот до почетокот на косината, корисната површина се пресметува со коефициент 0,1.

-За паркиралишта во рамките на објект, корисната површина се множи со коефициент 0,1

-Висината на Основицата за одредување на упросечените трошоци (што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината) ќе биде еднаква на основицата постигната на 31.12.2001 год. во денари/м^2 нето изградена површина, а ќе се усогласува со промената на цените на мало.

Корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во Општината.

Доколку не добие согласност од комуналното претпријатие по писмен пат, Општината ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка се наплатува по упросечени цени.

V. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и доставени архитектонско-урбанистички услови и енергетски согласности.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен, деловен, производен и друг), во станбен простор не се наплатува.

При регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште корисникот на земјиштето е должен во целост да го измири надоместокот за уредување на градежно земјиште за индивидуална потрошувачка, за делот од објектите од индивидуална потрошувачка на која се приклучува, кои се изградени после формирањето на Фондот за комунален развој, локални патишта и улици.

Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во предходниот период, за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување - целосен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не ќе се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП, и не е целосно изградена инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на локалната самоуправа да и надокнади за порано направените трошоци во висина од 20% од надоместокот за уредување на градежно земјиште да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест; односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Велес и во меѓувреме се поништени решенијата за услови за градба, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето, за истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ - дека во предходниот период документацијата му била поништена.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат "прагови" врзани во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниов начин:

- За вкупен износ на надоместокот до 32.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договорот во целост.
- За вкупен износ на надоместокот од 32.000,оо до 96.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.
- За вкупен износ на надоместокот од 96.000,оо до 150.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.
- За вкупен износ на надоместокот над 150.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 30% при склучување на договорот, а остатокот од 70% ќе се плаќа на 24 (дваесет и четири) еднакви месечни рати.

- При наплатување на надоместокот за уредување на градежното земјиште во случај на легализација на веќе изградени објекти плаќањето ќе се врши на 24 (дваесет и четири) еднакви месечни рати, без оглед на висината на надоместокот.

Во поглед на присилна наплата, каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежно земјиште .

VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општината ја финансира изработката на ГУП и одредените програмски задачи.

Општината целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти од значење за Општината, утврдена со Генералниот урбанистички план на градот Велес, а во изработката на другите проекти за изградба на инфраструктурни објекти, согласно договорите за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште склучени со корисниците.

IX.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

X ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Велес.

2. Градоначалникот на општина Велес е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ од над 20% да го информира Советот на општина Велес.

3. Оваа Програмата влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Велес".

Број 0701-2646/6
25.12. 2003 год
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Велес
Стеванка Богоевска с.р.

137.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за изработка на урбанистички плановии урбанистичка документација за населени места за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25 декември 2003 година.

Број 0801-2659/7
29 декември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2004 година

1.Се усвојува Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2646/8
25.12.2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Врз основа на чл.11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (ІСл.Весник на РМв бр 4/96), член 12 од Правилникот за поблиската содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните и урбанистичките планови ("Сл. весник на РМ´ бр. 18/97)и чл.23 став1, т. 15 од Статутот на Општина Велес (ІСл.гласник на Општина Велесв бр. 1/03),
Советот на Општина Велес на седницата одржа на 25.12.2003.година донесе:

П РО Г Р А М А
за изработка наУрбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2004 година

I В О В Е Д

Програмата за изработка урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес е Годишна програма и претставува основа за уредувањето и опремувањето на градежното земјиште.

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина преку кое Ќе се овозможи отворање на нови локации за:

- домување(индивидуално или колективно)
- деловно трговски простор
- мало стопанство, индустрија
- спорт и рекреација
-ревизија на постојниот и планираниот сообраќај.

Планирањето се овозможува преку:

- проширување на градежниот реон кој е програмски е дефиниран при изготвување на ГУП.
- измена и дополнување на ДУП- ви, како и изработка на нови ДУП- ви.
- Урбанистичка документација за населените места во општината

II П Л А Н И Р А Њ Е

Врз основа на Годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачател на планот) склучува Договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови (изработувач на планот).

Со договорот се утврдува (Програма) содржината на планот, роковите за изработка, начин на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со :

1. Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште;
2. Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање од страна на заинтересирани правни и физички лица;
3. Самофинансирање од страна на заинтересирани правни и физички лица .

Планирани за изработка се следните планови:

1. Изработка на ГУП за стопански комплекс локалитет "Порцеланка" површина... ..... 10 хектари
2 Изработка на измена и дополнување на ДУП за МЗ "КЕРАМИДНА"
површина .....10 хектари
3 Измена и дополнување на ДУП за централно градско подрачје.
површина..... .15хектари
4.Изработка на ДУП за населба ТУНЕЛ
површина . 20 хектари
5. Изработка на ДУП за индустриска зона (за станбен комплекс)
површина .....14 хектари
6. Измена и дополн. на ДУП за МЗ"Трајко Панов" со дел од МЗ "Алексо Демниевски"
Површина .....3 хектари
7.Изработка на ДУП за "МЗ БОГДАН КАРАКОСТЕВ "(Спомен костурница)
површина ..... 5 хектари
8 Изработка на измена и дополнување на дел од ДУП"Димитар Влахов"
површина ..... 3 хектари
9. Изработка на измена и дополнување на дел од ДУП за МЗ "9-ти ноември"
површина ..... 5 хектари
10. Измена и дополнување на урбанистичка документација за н.м. Отовица
површина ..... 10 хектари

❑ **Измена и дополнување на сите ДУП кои на своето подрачје содржат бесправни градби на земјиште на кое е корисник Република Македонија**

11.Измена и дополнување на ДУП за МЗ "АЛЕКСО ДЕМНИЕВСКИ"
површина ..... 10 хектари
12.Измена и дополнување на ДУП за МЗ "9ТИ НОЕМВРИ"
површина ..... 10 хектари
13.Измена и дополнување на ДУП за "МЗ ТРАЈКО ПАНОВ"
површина ..... 10 хектари
14. Измена и дополнување на ДУП за МЗ "Тунел"
површина .....14 хектари

III З А В Р Ш Н И О Д Р Е Д Б И

Пред склучувањето на договорот со изготвувачот на планот потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, а истовремено и планови кои несметано Ќе се реализираат.

Цената на плановите се пресметува по хектар од испланирана површина, по договор со претпријатието регистрирано за изработка на урбанистички планови, избрано по пат на јавна набавка согласно Законот за јавни набавки.

Во текот на годината, во зависност од потребите оваа Програма може да претрпи измени и дополнувања.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето и Ќе се објави во ІСл.гласник на Општина Велесв.

Број 0701-2646/8
25.12.2003 година
Вел ес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

138.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решение за престанување на должноста член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат

Се прогласува Решението за престанување на должноста член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25 декември 2003 година

Број 0801-2659/10
29 декември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (,,Сл.гласник на Општина Велес,, бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанување на должноста член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат

1.На лицето Андреја Нешов му престанува должноста член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат, поради смрт.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Велес,,.

Број 0701-2646/11
25.12.2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

139.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат

Се прогласува Решението за именување на член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25 декември 2003 година.

Број 0801-2659/11
29 декември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (,,Сл.гласник на Општина Велес,, бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат

1. За член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат се именува лицето:

- Станка Амбаркова - дипломиран инженер архитект

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Велес,,.

Број 0701-2646/12
25.12.2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

140.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на член во Училишен одбор на ОУ "Трајко Андреев"

Се прогласува Решението за разрешување и именување на член во Училишен одбор на ОУ "Трајко Андреев" , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25 декември 2003 година.

Број 0801-2659/12
29 декември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 109 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл.весник на РМ" бр.52/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на член во Училишниот одбор на ОУ"Трајко Андреев" Велес

1.Се разрешува член во Училишниот одбор на ОУ "Трајко Андреев"

- Снежана Бисинова Ефтимова

2.За член во Училишниот одбор на ОУ "Трајко Андреев се именува:

- Трпко Мицев

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2646/13
25.12.2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

141.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања на Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 22.12.2003 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јануари 2004 година

Член 1

За месец јануари 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за присуство на одржана седница на Советот на Општина Велес, без оглед на времетраењето на седницата во износ од 30% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, и надоместок за патни и дневни трошоци во висина од 8% од просечната исплатена месечна нето плата за последните три месеци во Република Македонија.

Член 2

За месец јануари 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес и надворешни членови им се утврдува надоместок за присуство и работа на седниците на работните тела на Советот на Општина Велес, без оглед на времетраењето на седницата во износ од 8% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

Доколку на денот на одржувањето на седница на Советот на Општина Велес, се одржува седница на работно тело-одбор или комисија,надоместок за присуство и работа на седниците на работните тела на членовите на Советот не им се исплатува.

Член 3

На претседателот на Советот на Општина Велес за месец јануари 2004 година му се определува надоместок на трошоците во износ од 9.000,оо денари.

Член 4

На членовите на Советот ,определени за склучување на бракови им се определува надоместок во износ од 500,оо денари ,за секој ден на ангажираност за склучување на бракови без оглед на тоа колку бракови членот склучил во тој ден.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец декември бр.1001-2447/1 од 01.12.2003 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ("Службен гласник на Општина Велес") ,а ќе се применува за месец јануари 2004 година.

Број 1001-2657/1
29.12.2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за давање предлози за
избор,именување и мандатни прашања
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	СОДРЖИНА	Страница
129	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2003 година**	201
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2003 година	
130	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година**	221
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Буџет на Општина Велес за 2004 година	
131	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година**	241
	О Д Л У К А за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година	
132	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за приоритет на проекти од Инфраструктурата од Проектот CARDS 2003-2004 година**	242
	О Д Л У К А за утврдување приоритет на проекти од инфраструктура во рамките на Програмата за развој на локалната инфраструктура CARDS 2003-2004	
133	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2004 година**	243
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2004 година	
	П Р О Г Р А М А за работа на Советот на Општина Велес за 2004 година	
134	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2004 година**	247
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2004 година	
	ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес **во областа на културата во 2004 година**	
135	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за активностите на Општина Велес вообласта на спортот во 2004 година**	249
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година	
	П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година	

Бр на акт **Страница**

136	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година**	251
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за уредување на градежно замјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година	
	П Р О Г Р А М АЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2004 ГОДИНА	
137	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за изработка на урбанистички плановии урбанистичка документација за населени места за 2004 година**	261
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2004 година	
	П РО Г Р А М А **за изработка наУрбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2004 година**	262
138	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решение за престанување на должноста член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат**	263
	Р Е Ш Е Н И Е за престанување на должноста член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат	
139	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат**	263
	Р Е Ш Е Н И Е за именување на член на Комисијата за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат	
140	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на член во Училишен одбор на ОУ "Трајко Андреев"**	264
	Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член во Училишниот одбор на ОУ"Трајко Андреев" Велес	
141	**О Д Л У К А за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јануари 2004 година**	264

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, одговорен уредник Петре Најдов

телефон:232-966, Жиро-сметка 300-27000000-48